СТАР

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 2022-2025

ПРВ КОЛЕКТИВ НА СЕКСУАЛНИ РАБОТНИЦИ НА БАЛКАНОТ

# СТРАТЕШКИ ПЛАН 2022-2025

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ
СТАР-СТАР СКОПЈЕ

ул. „11 Октомври“ бр. 22/2
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: + 389 2 323 24 11
star.contact@yahoo.com

ноември 2021 година, Скопје

# СОДРЖИНА


1. ВОВЕД ... 3

2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАР – СТАР ... 4

2.1 Основање и делување на организацијата ... 4

2.2 Организациска структура ... 5

2.3 Клучни постигнувања во стратешкиот период 2018-2020 ... 8

2.4 Клучни постигнувања во 2021 и справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19 ... 17

3. ВИЗИЈА, МИСИЈА и ВРЕДНОСТИ ... 19

4. АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНИ ... 20

5. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО ... 22

5.1 Анализа на целни групи и примарни корисници ... 22

5.2 Анализа на засегнати страни ... 23

5.3 Анализа на силни и слаби страни, можности и закани ... 28

5.3.1 Генерална SWOT анализа (28.10.2021) ... 28

5.3.2 SWOT Анализа – СТАР-Исток (02.11.2021) ... 30

5.3.3 SWOT Анализа – СТАР-Запад (02.11.2021) ... 31

6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ, ЦЕЛИ И РЕЗУЛТАТИ ... 32

7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОСТИГНУВАЊА ... 37

8. МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА ... 38

9. ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ ... 39

Прилог 1. Листа на реализирани проекти 2018-2021 ... 40

Прилог 2. Работен план за 2022 ... 41

# 1. ВОВЕД

СТАР-СТАР како колектив предводен од заедницата на сексуални работници во Северна Македонија цврсто верува дека организациите кои ги претставуваат маргинализираните заедници имаат можност да направат вистински промени и да имплементираат одржливи интервенции во насока на подобрување на состојбата со основните човекови права и слободи, како основни принципи на демократско и праведно општество. Овој стратешки план, внимателно развиен од страна на извршната канцеларија на СТАР-СТАР под водство на Програмскиот раководител и менторство од надворешен експерт за организациски развој, а со целосна вклученост на сексуалните работници од три региони во земјата, е организациската заложба која ги определува стратешките приоритети, цели и интервенции во периодот 2022-2025 година. Сепак, овој стратешки план е само рамка водилка и претставува жива материја која дополнително ќе се развива и унапредува согласно потребите на заедницата и развојот на организацијата. Успешното спроведување на предвидените интервенции и остварувањето на целите и резултатите бара сериозен влог во процесите на планирање и дизајн на стратешките активности. Поставувањето на точно утврден процес и методолошки пристап кон стратешкото планирање овозможува поголем успех, позначајно влијание врз промените и нивна одржливост.

Затоа, во процесот на стратешко планирање на СТАР-СТАР беа спроведени повеќе активности кои обезбедија основа за вклучување на повеќе засегнати страни, а најмногу на заедницата на сексуалните работници. Со менторска поддршка беше изработен работен план со кој беа определени работниот тим и беше поставена основата на стратешкиот план со предвидените активности, одговорни лица и роковите за изработка. Во рамки на стратешкото планирање беа спроведени консултации со заедницата од Скопје, СТАР-Исток и СТАР-Запад за нивните потреби, проблеми и предизвици, беа изработени SWOT анализи, како и анализа на засегнати страни користејќи различни алатки за прибирање на информации и искуства. Од прибраните информации, СТАР-СТАР за прв пат ја разви својата теорија на промени детално прикажана во стратешкиот план врз чија основа беа идентификувани стратешките приоритети, целите и интервенциите кои организацијата ќе ги спроведува во периодот 2022-2025 година.

Соодветното планирање на организациската насока на делување во идниот период, освен адресирање на потребите на заедницата, ќе придонесе и кон зголемување на ефикасноста и ефективноста во искористувањето на организациските ресурси за постигнување на најдобри резултати и промени со што поголемо влијание. Успехот на организацијата, освен со остварување на предвидените цели во рамки на стратешките приоритети се мери и со обезбедената одржливост на резултатите преку трајните промени кои придонесуваат за подобар живот на заедницата, почитување на нивните човекови права и слободи. Доброто стратешко планирање предвидува сериозен пристап кон обезбедување на одржливост на тие промени и овозможува развој на заедницата која е способна сама да ги фасилитира промените кои ѝ се потребни.

Во продолжение, СТАР-СТАР ги прикажува заложбите за промените кои ги бара заедницата на сексуалните работници, пристапот во нивната имплементација и предвидените цели, резултати и интервенции за периодот 2022-2025.

# 2. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТАР – СТАР

## 2.1 Основање и делување на организацијата

**Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје** е основано во 2010 година и претставува прв и единствен облик на самоорганизирање на заедницата на сексуални работници во Република Северна Македонија и на Балканот. Препознаени како **СТАР - Прв колектив на сексуални работници на Балканот**, повеќе од 10 години СТАР-СТАР се залага за застапување и промовирање на правата на сексуалните работници во социјалниот, здравствениот и правниот систем на државата.

Од 2007 до 2010 година, СТАР-СТАР претставува активистичко движење на група млади луѓе со една заедничка цел – унапредување и промоција на правата на сексуалните работници во земјата, притоа активно вклучувајќи ги лицата кои се занимаваат со сите форми на сексуална работа во имплементација на активностите на движењето. Со цел да ја промовира важноста на граѓанскиот сектор во процесите за демократски развој и управување, кон средината на 2010 година СТАР-СТАР поднесе иницијатива за влез во Централниот регистар. На 25.05.2010 година движењето на СТАР-СТАР е заведено во Централниот регистар како Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР. Во 2011 година, во соработка со блиски партнерски организации и поддржувачи, СТАР-СТАР почна да работи на организацискиот развој, да ги зајакнува организациските капацитети и да ја мобилизира заедницата. Со матично седиште во Скопје, СТАР-СТАР започнува со мобилизација на сексуалните работници низ повеќе региони во Република Северна Македонија, поддржувајќи ги локалните лидери и зајакнувајќи ги членовите на заедницата и во други градови како Струмица, Гостивар, Тетово и Струга. Настојувајќи да создаде поволна средина за растење и унапредување на заедницата, ги вклучува сите сексуални работници во своите активности, без оглед на нивниот пол, род, сексуална ориентација, етничко потекло, верска припадност, социјален или работен статус.

Со цел подобро програмирање и координирање на работата на СТАР-СТАР, а во насока на зајакнување и унапредување на застапувањето за сексуалните работници пред институциите и засегнтатите страни базирано на докази, во 2016 година започнуваат процесите за прибирање на податоци, искуства и информации од заедницата, како и мапирање на приоритетите, проблемите и потребите на сексуалните работници. При тоа беа спроведени бројни интервјуа, фокус групи, прашалници, проценки, анализи и истражувања кои ги одредија стратешките приоритети и насоки за идниот период.

Денес, СТАР-СТАР е активен чинител во граѓанскиот сектор промовирајќи ги своите аспирации на национално и меѓународно ниво, придонеси и потреби со стремеж за праведно општество кое знае да ги препознае, прифати и почитува различностите и обезбедува еднаков третман за сите.

СТАР-СТАР и сексуалните работници веруваат дека почитувањето на основните човекови права и слободи и правото на слободен избор на професија се основните принципи за здраво, толерантно и демократско општество.

СТАР-СТАР е гласот на сексуалните работници во Република Северна Македонија.

Главни цели и полиња на делување на организацијата се:

- Застапување и вклучување на заедницата во унапредувањето на човековите права на сексуалните работници и зголемување на видливоста на сексуалната работа во општеството;
- Овозможување еднаков пристап до социјална и правна заштита и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и грижа за сексуалните работници;

## 2.2 Организациска структура

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје го управуваат членовите преку репрезентативни органи како и ад-хок тела создадени според потребите на СТАР-СТАР, а во согласност со Статутот на Здружението и Законот за здруженија и фондации.

Работата на СТАР-СТАР е јавна. Истата се обезбедува со редовно информирање на членовите за сите аспекти на функционирањето на организацијата. СТАР-СТАР има организациска структура и Кодекс за отчетно и транспарентно работење и управување, кои обезбедуваат ефективна внатрешна и надворешна отчетност кон членовите и сите други заинтересирани страни.

Органи на СТАР-СТАР како Здружение се:

**Собрание**

Собранието е највисок орган и него го го сочинуваат сите членови кои пристапиле кон членство во Здружението поднесувајќи Пристапница за членство од редовите на заедницата, а одлуките се носат со јавно гласање, обезбедувајќи на овој начин максимална вклученост на членството и транспарентност во носењето на одлуките.

Собранието својата работа ја извршува на редовни седници кои се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш годишно, на почетокот на тековната година за претходната година, но не подоцна од месец март во следната година. Членовите на Собранието имаат права и обврски утврдени со член 21 од Статутот на Здружението.

Собранието од своите редови избира Претседател на Здружението кој е законски застапник и на чиј предлог, Собранието бира Управен одбор. Претседателот има мандат во времетраење од четири (4) години со право на повторен избор или сѐ додека Собранието не избере нов претседател на Здружението.

Здружението има изготвено Деловник за работа на Собрание кој произлегува од Статутот на Здружението.

**Претседател/-ка**

Претседателот е застапник по закон на Здружението. Претседателот на Здружението е претседател на Собранието.

Претседателот има мандат во времетраење од четири (4) години со право на повторен избор или се додека Собранието не избере нов претседател на Здружението. Претседателот се именува и разрешува од Собранието на Здружението. Избор на претседател на Здружението се спроведува по пат на Јавен повик објавен на интернет страната на Здружението најмалку седум (7) дена пред одржување на изборна седница. Претседателот на Здружението ги има правата и обврските утврдени со член 28 од Статутот на Здружението.

## Управен одбор

Управниот одбор е колективен извршен орган од 5 членови со мандат од четири (4) години, кој бира Претседател на Управниот одбор од своите редови. Здружението води утврден процес за номинација, селекција и избор на членови на Управен одбор. Овој процес се базира на принципите на партиципативност и инклузивност и е во согласност со законските барања, Статутот на Здружението и општо прифатените практики за управување во граѓански организации.

Здружението за работата на Управниот одбор има определено надлежности и задолженија и начин на работа кои произлегуваат од Статутот на Здружението, а се прилагодени на организациската култура и практиките на работа на СТАР-СТАР. Членовите на управниот одбор и персоналот на Здружението се запознаени и го следат процесот на внатрешна комуникација помеѓу управните и извршните нивоа на Здружението.

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во тромесечие - четири пати годишно. Со седниците на Управниот одбор раководи претседателот на Управниот одбор. За својата работа, Управниот одбор одговара пред Собранието на Здружението.

## Организациски органограм

СТАР-СТАР ја следи вообичаената практика за прикажување на организациската структура преку организацискиот органограм кој претставува графички приказ на организациската поставеност. Органограмот има за цел да даде визуелен приказ на односот помеѓу одделените чинители во организациското работење и управување, како и системот на информирање и известување.

Органограмот на СТАР-СТАР им овозможува на учесниците во управните и извршните процеси да ја разберат организациската структура и упатува на јасен и едноставен приказ во функционирањето и комуникацијата на организацијата. Комплексноста на односите помеѓу овие учесници зависи од различни фактори кои можат да бидат внатрешни или надворешни. Со цел минимизирање на овие фактори, СТАР-СТАР има воспоставено организациска структура која го сведува на минимум влијанието на овие фактори предодредени со постоечки роднински, пријателски или социјални врски и односи.

Органограмот на Здружението е прикажан на следниот приказ:




Програмите и стратешките приоритети на СТАР-СТАР се спроведуваат преку извршната структура на СТАР-СТАР во која се вклучени следниве работни позиции:

- **Програмски/-ска раководител/-ка** како позиција која врши севкупна координација на работата на програмите на здружението и го насочува развојот на двата ограноци во Гостивар и во Струмица.
- **Административно финансиски/-ска раководител/-ка** како позиција која е задолжена за раководење со целокупната администрација и финансии на здружението.

- **Координатор/-ка за комуникации** како позиција која е задолжена за користење на комуникациските средства (алатки) на организацијата со цел овозможување на редовна комуникација и поврзаност на организацијата со целните групи, јавноста, медиумите, соработниците и поддржувачите; раководење и одржување на веб-страницата, платформите на социјалните мрежи, јавните настани и сл.
- **Координатор/-ка за мобилизација, едукација и превенција на терен** како позиција која претставува линк помеѓу членството и организацијата и е задолжена за одржување на редовен контакт со корисниците и членовите и надгледување и развој на работата во ограноците во Гостивар и Струмица.
- **Регионален координатор/-ка на ограноци СТАР-Исток и СТАР-Запад** е позиција преку која се координираат и спроведуваат активностите на СТАР-СТАР во источниот и западниот регион.
- **Асистент/-ка на Регионален координатор/-ка на ограноци СТАР-Исток и СТАР-Запад** е позиција која помага на регионалниот координатор/-ка во планирањето и спроведувањето на активностите на СТАР-СТАР во источниот и западниот регион.

## 2.3 Клучни постигнувања во стратешкиот период 2018-2020

### СТРАТЕШКА НАСОКА I: ЗАСТАПУВАЊЕ И ЛОБИРАЊЕ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА СРЕДИНА И ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА НА СЕКСУАЛНИТЕ РАБОТНИЦИ

Една од главните цели на СТАР-СТАР во изминатиот стратешки период беше подигнување на јавната свест кај општата популација и сите засегнати страни за сексуалната работа како слободен избор, како и заштита, промоција и унапредување на правата на сексуалните работници. Во таа насока СТАР-СТАР реализираше голем број на активности наменети за различни целни групи и оствари бројни резултати, за кои сведочат квантитативните и квалитативните податоци и резултати, поставени и исполнети во изминатиот период.

#### Цел 1.1 Подигнување на свеста кај општата популација - Сексуалната работа е слободен избор

Клучен елемент во процесите на застапување за сексуалната работа и подигнување на јавната свест беше организирањето на голем број јавни настани и активности, како кампањи, културни настани и видео активизмот.

Меѓу најзначајните такви настани е „Маршот на црвените чадори“ кој традиционално се одржува на 17 декември како одбележување на Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници. До 2020 година на овој настан учествуваа десетици сексуални работници кои на главните улици во Скопје, заедно со голем број поддржувачи, маршираа за своите права и испратија гласни пораки за проблемите со кои се соочуваат и какви барања има заедницата.

Во 2020 година заради почитување на постоечките мерки за заштита и превенција од КОВИД-19 вирусот и истовремено покажувајќи одговорност кон јавното здравје, маршот за прв пат не се одржа и истиот беше одбележан со прес за медиуми одржан на Плоштадот Македонија во Скопје.

Во рамки на активностите за 17 декември, во 2020 година СТАР-СТАР по втор пат го организираше и уметничкиот перформанс насловен СКОПЈЕ РЕД ЛАЈТ ДИСТРИКТ преку партнерска соработка со Платформата за декриминализација на сексуалната работа (каде членуваат СТАР-СТАР, Здружението ХОПС, Коалиција МАРГИНИ и Регионалната мрежа SWAN). Овој перформанс ги актуелизира и нормализира прашањата за декриминализација на сексуалната работа преку шармот на црвените фенери и танцот на сексуалните работници. На настанот учествуваа 5 сексуални работници, кој во живо го проследија бројни минувачи, а преку онлајн стимингот беа остварени околу половина милион прегледи.

Од останатите настани и активности се издвојуваат кампањите за одбележување на Меѓународниот ден на правата на сексуалните работници, 3 март кој беше одбележан во 2020 година со онлајн кампања насочена кон општата јавност, но и самата заедница на сексуални работници, додека на 2 јуни (во 2018 и 2020 година) СТАР-СТАР го одбележа и Меѓународниот ден на сексуалните работници на кој се обединуваат сексуалните работници, активистите, пријателите и поддржувачите и заеднички делуваа во насока на рушење на стереотипите поврзани со сексуалната работа, намалување на стигмата и дискриминацијата кон сексуалните работници и подобрување на нивниот статус во општеството.

Во 2019 и 2020 година, на 14 септември се одбележа и Денот на гордоста на сексуалните работници со испраќање на видео пораки во кои се прославуваа постигнувањата и успесите на сексуалните работници кои истовремено се и активисти за своите права и безбедност.

Како круна во оваа стратешка насока, се истакнува месечниот магазин „S-Work“ кој претставува гласило и информатор за сите вести, случувања и останати засегнати прашања околу сексуалната работа, но и пишан медиумски простор каде сексуалните работници го изразуваат својот глас. „S-Work“ воедно е една од најдолготрајните активности на СТАР-СТАР и до декември 2020 година се објавени 99 изданија, а своето јубилејно издание број 100 беше издадено во јануари 2021 година.

### Цел 1.2 Подобрување на законската рамка

Во изминатиот стратешки период кој следеше по промената на политичката клима во земјата, СТАР-СТАР преземаше иницијативи и имплементираше активности во насока на подобрување и унапредување на законските рамки кои се однесуваат на сексуалната работа. Во 2020 година, Здружението донесе одлука да заземе стратешка позиција во процесите на унапредување на законската регулатива како единствена организација која ги застапува сексуалните работници и во најголема мера е предводена од заедницата.

СТАР-СТАР во 2019 година реализираше и учествуваше во координација на процесот за застапување за предлог законските решенија за сексуална работа заедно со претставници од партнерски организации и правни експерти, а организираше и тркалезна маса на тема правни потреби и пристап до правда за сексуалните работници во соработка со Коалиција Маргини и Регионалната мрежа за застапување на правата на сексуалните работници во источна Европа и централна Азија - SWAN.

Дополнително, СТАР-СТАР се вклучи во иницијативата за воведување на пред-експозициската профилакса (ПрЕП) за ХИВ кај клучните популации и воспоставување на техничките прописи за употреба на ова современо средство за превенција од ХИВ.

### Цел 1.3 Превенција и реакција против насилството врз сексуалните работници

Во последниот период, СТАР-СТАР ги зајакна капацитетите за справување со насилство врз сексуалните работници. Беше обучено едно лице како параправник од редовите на заедницата за пружање на помош на сексуални работници жртви на насилство кое оствари бројни контакти со жртви и ги поврза со соодветни сервиси за правна и социјална заштита.

Во 2020 година СТАР-СТАР воведе регионален параправен сервис за идентификување сексуални работници на кои им е потребна помош за поврзување или упатување до здравствени, социјални и правни услуги и сервиси, преку кој им беше овозможена помош на 28 сексуални работници и беа документирани 8 случаи на прекршување на права, од кои 4 случаи беа процесирани пред институциите преку воспоставувањето на бесплатната правна помош овозможена од страна на Коалиција Маргини.

### Цел 1.4 Зајакнување на капацитетите за антидискриминација и декриминализација на сексуалната работа

Со промената на политичкиот и општествениот контекст во изминатиот период, СТАР-СТАР ја искористи можноста да ги зајакне организациските капацитети во насока на застапување за антидискриминација и декриминализација на сексуалната работа.

При тоа, СТАР-СТАР во 2019 организираше состанок за консултации со 19 претставници од Министерството за труд и социјална политика, правни експерти, полициски службеници, судии, адвокати и партнерски организации за застапување за овие прашања.

Здружението оствари значителен напредок со покренување на иницијативата за воспоставување на Платформата за декриминализација на сексуалната работа во 2019 година која ќе има улога на национално тело за координирана имплементација на активности за декримнализација и застапување пред носителите на одлуки.

И во оваа област, зајакнувањето на капацитетите на сексуалните работници за постоечката и потенцијалната законска легислатива не изостана, односно СТАР-СТАР реализираше 5 работилници во текот на 2018 и 2019 година на кои учествуваа 49 сексуални работници.

### Цел 1.5 Развој на датабази и податоци преку истражувања спроведени од СТАР-СТАР меѓу заедницата на сексуалните работници

Како резултат на организацискиот раст и развој, СТАР-СТАР отпочна со спроведување на свои истражувања помеѓу заедницата со цел креирање бази со податоци и мапирање на проблемите и потребите на заедницата кои ќе служат во процесите на програмирање на активностите и застапување пред институциите. Иако сериозно погодени од пандемијата, во 2020 година СТАР-СТАР спроведе проценка за „Искуства и перцепции на сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија за пристапот и употребата на ХИВ превентивните методи: кондоми и предекспозициска профилакса (ПрЕП)“ за да понуди кавалитативен приказ во однос на побарувачката, понудата и придржувањето кон употреба на кондоми, како и перцепциите, ставовите и факторите поврзани со потенцијалната употреба на ПрЕП помеѓу сексуалните работници со која беа опфатени 33 сексуални работници. Во текот на истата година беше спроведена и анализа „Влијанијата на КОВИД-19 пандемијата врз менталната, здравствената, социјалната и економската благосостојба на сексуалните работници/-чки во Република Северна Македонија“ со

цел соодветно програмирање на активности за справување и намалување на последиците од пандемијата врз сексуалните работници во која беа вклучени 50 сексуални работници.

### Цел 1.6 Подобрување на пристапот до нови превентивни методи за ХИВ

Во 2019 година СТАР-СТАР беше дел од работната група и процесот за воведување на нови превентивни методи како што е пред-експозициската профилакса (ПрЕП) за ХИВ кај клучните популации. При тоа, СТАР-СТАР учествуваше во организација на консултативниот процес со клучните популации за воспоставување на Националниот протокол за ПрЕП. Сексуалните работници беа директно вклучени во процесите за развивање на стандардите за имплементација на нови превентивни програми за ХИВ, односно беа одржани 4 состаноци каде учествуваа 41 лице од заедницата.

### Цел 1.7 Застапување за SWIT алатката

Во текот на 2019 СТАР-СТАР организираше тркалезни маси за имплементација на SWIT алатката помеѓу носители на одлуки во здравствениот систем и ја презентираше алатката пред Националната комисија за ХИВ.

## СТРАТЕШКА НАСОКА II: СЕКСУАЛНО И РЕПРОДУКТИВНО ЗДРАВЈЕ И ПРАВА

Здравствените установи во Република Северна Македонија кои нудат услуги за сексуално и репродуктивно здравје ја немаат потребната доверба на сексуалните работници поради фактот што значителен број од медицинскиот персонал не е доволно сензибилизиран и не ги разбира потребите на заедницата. Исто така, достапноста до сервисите од јавното здравство е ограничена за сексуалните работници поради стигмата и дискриминацијата кои тие ги имаат искусено од здравствените работници како даватели на здравствени услуги. Услугите и сервисите за сексуално и репродуктивно здравје кои ги користат сексуалните работници се дел од сервисите на здруженијата на граѓани и во таа насока во периодот од 2010 до 2020 година, СТАР-СТАР самостојно и партнерски работеше на спроведување активности со цел заштита и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје и права на сексуалните работници, како и развој на пристапот и капацитетите на организациите кои даваат услуги и сервиси.

### Цел 2.1 Едукација и превенција на сексуалните работници за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје

Во оваа област, а во рамки на својата организациска здравствена програма, СТАР-СТАР бележи големи успеси, пред сѐ  поради одржувањето континиуум на квалитетни, достапни и соодветно адаптирани сервиси за превенција од ХИВ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје.

Во овој стратешки период, СТАР-СТАР продолжи да работи на воспоставување контакти, мапирање на заедницата и теренска едукација и превенција од ХИВ и СПИ преку Националната програмата за заштита на населението од ХИВ и одржување на ниска преваленца на ХИВ помеѓу клучни популации при Министерството за здравство, која од 2017 година ја презема ресорното министерство како национален одговор, но пред сѐ како резултат на напорите на граѓанскиот сектор за обезбедување одржливост на програмата од националниот буџет по заминувањето на Глобалниот фонд. Кумулативно преку овие програми, во периодот од 2018 до 2020 година, СТАР-СТАР има овозможено 865 поединечни услуги и сервиси за заедницата, а опфатила и мапирала вкупно 255 сексуални работници.

Детално, овие податоци прикажани по години се дадени во табеларниот приказ подолу.

| УСЛУГИ И СЕРВИСИ ПО ГОДИНА | 2018 | 2019 | 2020 | 2021* | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупен број на опфатени лица од заедницата со услуги и сервиси | 90 | 78 | 137 | 105 | **410** |
| Вкупен број на нови мапирани лица од заедницата (од опфатените) | **12** | **11** | **16** | **9** | **48** |
| Дистрибуирани кондоми | 11,595 | 11,309 | 10,420 | 7,844 | **41,168** |
| Дистрибуирани лубриканти | 6,273 | 2,173 | 6,327 | 3,629 | **18,405** |
| Дистрибуирани информативно-едукативни материјали | 784 | 839 | 1,241 | 589 | **3,453** |
| Упатување до други организации кои нудат останати услуги и сервиси | 1 | 23 | 6 | 6 | **36** |
| Споделени информации за ХИВ | 166 | 801 | 697 | 515 | **2,179** |
| Споделени информации за Хепатит Б и Ц | / | 13 | / | / | **13** |
| Споделени информации за СПИ | 165 | 800 | 697 | 515 | **2,177** |
| Врсничка едукација и неформална поддршка помеѓу лица од заедницата | 775 | 856 | 802 | 515 | **2,948** |

*** податоците за 2021 година се однесуваат за три квартали во периодот од јануари до септември**

Освен активностите за превенција, од исклучителна важност се и активностите за едукација на сексуалните работници за ХИВ/СИДА и сексуално и репродуктивно здравје со цел подигање на свеста за потребата од заштита, начините на заштита и тестирањето за ХИВ и останати инфекции. Во 2018 и 2019 година, спроведени се вкупно 32 едукативни работилници и обуки на кои е забележано присуство на 159 сексуални работници, нови или постојани.

### Цел 2.2 Олеснет пристап до сервиси

Во рамки на оваа цел, во 2018 година беа организирани 2 работилници за едукација и информираност на заедницата за расположивите сервиси во граѓанскиот сектор и едукација на врснички едукатори со која беа опфаени 18 сексуални работници.

За време на кризата предизвикана од пандемијата, во 2020 одново беше воспоставена телефонска информативна линија водена од и за сексуални работници со цел да ги информира и да им ги доближи граѓанските сервиси на сексуалните работници. Информативната линија бележи 88 јавувања на сексуални работници кои добиле информации за пристап до услуги за сексуално и репродуктивно здравје. Дополнително, во рамки на активностите за олеснет пристап до бесплатни гинеколошки прегледи и доверливо и бесплатно ХИВ/СПИ тестирање и советување за сексуални работници, СТАР-СТАР разви партнерска

соработка со организацијата ХЕРА, која во рамки на своите програми, континуирано овозможуваше пристап до станционарни и мобилни услуги за сексуални работници. Во изминатиот стратешки период со овие сервиси се опфатени над 400 сексуални работници преку теренскиот сервис во Скопје и локалните ограноци СТАР-Исток во Струмица и СТАР-Запад во Гостивар.

Во екот на пандемијата, СТАР-СТАР ја согледа потребата од воведување сервис кој ќе нуди услуги од страна на социјален работник и ќе им овозможи остварување на социјалните права на сексуалните работници при справувањето со последиците од пандемијата. Притоа, преку овој сервис беа опфатени 62 различни сексуални работници, кои оствариле 77 посети кај социјалниот работник. Индикаторите за опфат и услуги во рамки на воспоставениот социјален систем за периодот од јули до декември 2020 година се прикажани во табеларниот приказ подолу:

| ПРИСТАП ДО СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА 2020 | СТАЦИОНАР | ТЕРЕНСКИ | ВКУПНО |
|---|---|---|---|
| Вкупен број опфатени лица од заедницата | 44 | 18 | **62** |
| Вкупен број одржани смени од социјалниот работник | 35 | 4 | **39** |
| Информации и советување за остварување права на социјална заштита | 73 | | **242** |
| Упатување до владини институции за остварување права на социјална заштита | 40 | | |
| Информации и советувања за мерки за справување со Ковид 19 | 17 | | |
| Информации и советување за остварување здравствена заштита | 12 | | |
| Упатување за остварување здравствена заштита | 11 | | |
| Информации и советувања за АВРМ | 18 | | |
| Упатување во АВРМ | 12 | | |
| Информации и советувања за вадење лични документи | 24 | | |
| Упатување за вадење лични документи | 20 | | |
| Информација за сместување бездомно лице | 2 | | |
| Пополнување образци и документи | 13 | | |
| Вкупен број посети на социјалниот сервис | **77** | | |
| **Вкупен број успешно реализирани случаи во остварување право на социјална заштита кај сексуални работници** | **54** | | |

### Цел 2.3 Градење капацитети на граѓански организации, даватели на услуги, активисти, поддржувачи и ограноци водени од заедницата на сексуални работници

СТАР-СТАР во соработка со канцеларијата на Фондот за население на Обединетите нации во Скопје – УНФПА, работеше на развивање на SWIT алатката за воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми за сексуални работници во Северна Македонија. Преку оваа алатка, во 2019 година беше креиран и утврден Тренинг модул за сексуална работа, ХИВ и човекови права, наменет за користење од страна на невладини организации, организации водени од заедницата на сексуални работници, даватели на услуги, активисти за човекови права и поддржувачи.

Дополнително, во 2020 година преку реализација на 2 обуки, Тренинг модулот беше претставен помеѓу 9 граѓански организации кои спроведуваат програми за превенција од ХИВ помеѓу сексуални работници, како и за организациите членки на Платформата за одржливост на сервиси за ХИВ.

## СТРАТЕШКА НАСОКА III: ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ГРАДЕЊЕ КАПАЦИТЕТИ

Во периодот од 2018 до 2020 година, СТАР-СТАР се финансираше од различни извори на национално, регионално и меѓународно ниво и работеше на воспоставување различни модели за пристап и одржување врски со донаторите. Дополнително, со растот и развојот на организацијата, но и на заедницата на сексуални работници, се појави потребата за координиран пристап во организациското работење во насока на обезбедување на одржливост. Со тоа, паралелно се развиваа и унапредуваа и капацитетите, како на ангажираните лица, така и на заедницата. СТАР-СТАР воспостави регионални ограноци, еден во југоисточна Македонија, СТАР-Исток и еден во западна Македонија, СТАР-Запад. Со формирање на овие ограноци и спроведувањето на програмските активности во повеќе градови се отворија можности со што повеќе сексуални работници во земјата добија можност да се вклучат во промените кон подобрувањето на работните и животните услови на заедницата и борбата за човекови права.

### Цел 3.1 Обезбедување разноликост на фондови и привлекување нови донатори

Низ годините во изминатата декада, СТАР-СТАР имплементираше проектни активности со поддршка и во соработка со партнерски организации, формираше еден конзорциум од организации за заеднички настап и реализација на тригодишна програма и беше поддржана од бројни меѓународни организации и фондации.

### Цел 3.2 Развој на одржлив модел за подготовка и развој на проекти

Организацискиот одржлив модел на финансирање се темели на потребите на заедницата која организацијата ја претставува, а подразбира еднаква вклученост во развојот на проектните апликации, како на управните така и на извршните структури во организацијата.

### Цел 3.3 Градење на капацитетите на тимот и организацијата за застапување и присуство на терен

Со формирањето на ограноците во Гостивар и Струмица и оспособување на локалните лидери, програмските активности се проширија во југоисточниот и западниот регион со околните градови во близина на Гостивар и Струмица и со тоа се отворија можности повеќе сексуални работници во земјата да бидат дел од промените кон подобрувањето на работните и животните услови на заедницата и борбата за човекови права.

Во 2018 година, СТАР-СТАР ја отвори својата прва регионална канцеларија или огранок СТАР-Запад со седиште во Гостивар, управувана од тамошната локална заедница на сексуални работници, која во 2020 година беше затворена поради состојбата со пандемијата од КОВИД-19.

Во таа насока, СТАР-СТАР како дел од своите активности за мобилизација, едукација и јакнење на капацитетите на сексуалните работници ги спроведуваше на регионално ниво, а во 2019 година СТАР-СТАР реализираше 3 обуки за развој на локални програми за застапување помеѓу членовите на заедницата во СТАР-Запад и СТАР-Исток со поддршка на Извршната канцеларија од Скопје. Со овие активности беа опфатени 33 сексуални работници.

### Цел 3.4 Регионален пристап за градење капацитети на СТАР-Запад во застапувањето и спроведувањето на SWIT алатката

Во период од 2017 до 2019 година, СТАР–СТАР реализираше девет еднодневни работилници насочени кон развој на регионалниот пристап за градењето капацитети на огранокот СТАР-Запад во Гостивар за спроведувањето на активности преку SWIT алатката. Во 2018 година беа одржани една работилница за теренска работа и мобилизација на заедницата со 10 учесници, една работилница за документирање случаи на кршење на човековите права со 10 учесници и уште една работилница за онлајн и јавни кампањи и акции со 10 учесници, додека во 2019 година беше одржана една работилница за мониторинг, евалуација, планирање на активности и развивање акциски план на кој учествуваа 10 сексуални работници.

### Цел 3.5 Развој на печатениот весник „ОД НАС ЗА НАС“

Во 2018 година преку својот огранок во Гостивар, беа издадени дополнителни 6 броја на весникот „Од нас за нас“ наменет за заедницата, кој преку креативните рубрики имаше за цел да ги информира и едуцира сексуалните работници, со потенцијал оваа иницијатива да продолжи и во иднина.

### Цел 3.6 Мобилизација и работа со мажи кои имаат секс со мажи (МСМ) и трансродови лица

Во 2018 година, СТАР-СТАР воспостави Комитет помеѓу Извршната канцеларија и ограноците со цел да се овозможи координиран пристап во спроведувањето активности на локално ниво насочени кон МСМ и трансродови сексуални работници и спроведе 2 обуки за имплементација на активности преку SWIT алатката со кои беа опфатени 16 машки и трансродови сексуални работници.

Во 2018 година СТАР-СТАР ја координираше реализацијата на преведување и издавање на ТРАНСИТ алатката (воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми со трансродови лица) и одржа 3 обуки за спроведување на активности преку оваа алатка на кои учествуваа вкупно 34 машки и трансродови сексуални работници.

Во 2020 година, преку обука на Здружението ХЕРА Скопје беа обучени 2 трансродови лица како советувачи за ХИВ и за прв пат беа вклучени во реализацијата на програмите за превенција од ХИВ кај оваа популација.

### Цел 3.7 Зајакнување на националниот систем за заштита на човековите права и следење на сексуалните и репродуктивни права кај клучни популации

Во 2018 година беа преземени активности за имплементација на MSMIT (воведување сеопфатни ХИВ/СПИ програми со мажи кои имаат секс со мажи) и SWIT алатките преку одржување на обука со која беа опфатени 14 учесници и беа одржани 3 обуки со 33 учесници за подигнување на свеста кај заедницата и давателите на услуги за

значењето на MSMIT и SWIT алатките, кои меѓу другото содржат важни сегменти за заштита на човековите права и системско следење на сексуалните и репродуктивни права. Дополнително, за време на десетгодишниот период, СТАР-СТАР непрекинато инвестираше во развојот на капацитетите помеѓу својата заедница во насока на препознавање на кршење на права од социјална и здравствена заштита, нивно соодветно документирање и најважно, охрабрување и поддршка на лицата да покренат соодветни постапки до надлежните институции.

### Цел 3.8 Континуирано унапредување на организацискиот раст и развој

СТАР-СТАР реализираше бројни активности за јакнење на организацискиот капацитет со цел да воспостави и осигура целосен систем на добро и внимателно управување со организацијата. Потребите беа идентификувани преку формални процеси на надворешни проценки и самопроценки со цел да се постигне максимална објективност на истите, но и за обезбедување ефикасност на предвидените мерки и активности.

СТАР-СТАР во изминатиот период го имплементираше Стратешкиот план 2018-2020 бележејќи висок процент на реализација, но мониторирајќи го процесот на имплементација во 2020 година беше забележано дека постоечката глобална пандемија предизвикува ограничувања во неговата реализација, а зададените стратешки цели не се целосно соодветни со новонастанатата ситуација која со сигурност ги погоди и продолжува да ги засега сексуалните работници.

Со цел да одговориме на потребите на заедницата во услови на пандемија, како и да и дадеме нова стратешка насока на организацијата заради новонастанатата ситуација во тоа време, повикавме на итно и неодложно ревидирање на Стратешкиот план. Кон крајот на 2020 година, организацијата го усвои ревидираниот Стратешки план со продолжено дејство на имплементација и во 2021 година, со кој успеавме да испланираме и спроведеме конкретни активности со цел да се намалат негативните ефекти на пандемијата.

### Цел 3.9 Подготовка на комуникациска стратегија на организацијата со вклучени цели и активности за односи со јавност, подготовка и водење кампањи и настап на социјални медиуми

Разбирајќи ја јавната комуникација како суштинска алатка за зголемување на видливоста и застапувањето на правата на сексуалните работници, во 2020 година ја развивме првата организациска Ефективна стратегија за брендирање, промоција и маркетинг на Здружението. Оваа Стратегија развиена во документ од 68 страници е израз на волјата и грижата за унапредување на препознатливоста на нашата организација предводена од заедницата во целост. Развојот на Ефективната стратегија за брендирање, промоција и маркетинг на Здружението ги претставува водечките принципи кои имаат посебна вредност, формирајќи ја перцепцијата на општата јавност во однос на сексуалната работа.

Паралелно со развојот на стратегијата во 2020 година организацијата работеше на унапредување на својот визуелен идентитет, развивајќи ново лого, веб страница, клучни бои на брендот, фонт на букви и типографија, со кои во втората половина од 2020 година, организацијата конкурентно влезе во граѓанскиот сектор како организација со јасен визуелен идентитет кој претставува квалитативно надополнување и одлика на нашето колективно делување како заедница.

## 2.4 Клучни постигнувања во 2021 и справување со последиците од пандемијата со КОВИД-19

Во март 2020 година беше прогласена глобална пандемија предизвикана од коронавирусот (SARS-CoV-2). Пандемијата се одрази на егзистенцијата и здравјето на сите граѓани, но најпогодени беа секако маргинализираните заедници, меѓу кои и сексуалните работници. Во насока на справување со последиците од пандемијата, СТАР-СТАР го адаптираше своето работење во услови на пандемија и реализираше повеќе активности за прибирање средства и обезбедување помош наменета за поддршка на заедницата која претрпе загуби во работењето и приходите поради мерките и ограничувањата воведени од институциите за спречување на ширењето на коронавирусот.

Притоа, СТАР-СТАР во април 2020 година отвори донациски сметки на кои сите граѓани од земјата и странство можеа да донираат средства наменети за помош и поддршка на сексуалните работници. Со средствата прибрани од донации, СТАР-СТАР обезбеди 7 парични ваучери кои беа доделени на сексуални работници во социјален ризик.

Во јуни 2020 година, СТАР-СТАР организираше хуманитарна онлајн аукција „Акција за реакција", а беше организирана по повод одбележувањето на 2 јуни – Меѓународниот ден на сексуалните работници, со цел собирање средства наменети за помош и поддршка на сексуалните работници и нивните семејства, најчесто многудетни и на самохрани мајки. Со оваа активност беа обезбедени 25 парични ваучери и 16 пакети со основни прехранбени и хигиенски производи и дистрибуирани до 36 сексуални работници во Скопје, Гостивар и Струмица.

Со пренамена на организациски средства, дополнително беа обезбедени 34 пакети со основни прехранбени и хигиенски производи кои исто така беа доделени на лица од заедницата за кои беше проценето дека се наоѓаат во социјален ризик. Во насока на намалување на ризикот од коронавирусот, СТАР-СТАР во континуитет дистрибуираше средства за лична заштита на своите вработени, теренските работници и лицата од заедницата со кои доаѓаше во контакт, односно беа поделени над 600 маски за лице, 5,000 пара ракавици и околу 7 литри средства за дезинфекција. За време на Новогодишните празници, СТАР-СТАР подели 25 хуманитарни пакети, 35 новогодишни пакетчиња и 15 парични ваучери на социјално загрозените семејства на сексуалните работници каде единствениот извор на приходи е сексуалната работа, а сексуалните работници не биле во можност да обезбедат приходи. Дополнително, со донација од ХЗ Самарјанска торба – Скопје и Здружението – Љубители на христијанското евангелие на РСМ беа обезбедени и донирани 23 детски пакетчиња на деца од големи семејства и самохрани родители од заедницата на сексуалните работници. Во партнерска соработка со Здружението ХОПС, СТАР-СТАР донираше дополнителни 10 хуманитарни пакети на сексуалните работници кои работат на отворена и затворена сцена.

Во текот на 2021 година продолжи со работа регионалниот параправен сервис воспоставен во 2020 година кој дополнително даваше поддршка на членовите на заедницата од Скопје, Гостивар и Струмица во случаи на прекршувања на нивните човекови права и овозможуваше пристап и поврзување со останати услуги и сервиси за социјална и здравствена заштита преку блиска соработка со партнерските организации.

Едно од најголемите постигнувања на ниво на застапување и покрај сите вонредни услови е првиот поп-ап настан како креативна алатка за застапување со цел да го свртиме политичкото вниманието кон процесите за декриминализација на сексуалната работа. Во мај 2021 во соработка со неформалната Платформа за декриминалзаицја на сексуалната работа се одржа настанот „ПОП-АП ВЕЧЕРА" кога за прв пат во историјата на нашата држава на иста маса седнаа претставници на институциите (Министерство за внатрешни работи, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за правда и Народниот правобранител) заедно со лица од заедницата и активисти со цел активно и значајно вклучување на сите засегнати страни во донесување на законски решенија во насока на декриминализација на сексуалната работа во Северна Македонија.

Во време на криза, СТАР-СТАР издаде програмски и финансиски извештај за постигнувањата во изминатата декада под наслов „Десетгодишен извештај за програмите, активностите и финансиското работење на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје за периодот од 2010 до 2020 година" кој беше промовиран пред заедницате, партнерите и поддржувачите на јубилејниот настан „Декада на гласност, транспарентност и отчетност на сексуалните работници" одбележан на крајот од месец мај 2021.

Признание за работа добивме и од независната продукција Aral Sea Productions, кои по направените интервјуа со неколку организации во светот кои работат на заштита на правата на сексуалните работници, одлучија да дојдат во Северна Македонија и да нè вклучат во документарниот филм „Beyond the Red Light". Снимањето на глобалната приказна за декриминализација и дестигматизација на сексуалната работа започна во Скопје, Струмица и Гостивар во мај 2021 и продолжува во декември 2021 за време на традиционалниот Марш на црвените чадори кој се случува на 17 декемри.

СТАР-СТАР во исклучително тежок период на криза предизвикана од пандемијата со КОВИД-19 успеа да застане на страна на сексуалните работници и да делува солидарно и хумано во насока на обезбедување на заштита, поддршка и помош онаму каде институциите потфрлија.

# 3. ВИЗИЈА, МИСИЈА и ВРЕДНОСТИ

**Визија:**

СТАР-СТАР се залага за свет без насилство во кој сексуалните работници слободно живеат и работат, а почитувањето на основните човекови права и слободи се основни принципи на демократско и праведно општество.

**Мисија:**

СТАР-СТАР е колектив предводен од сексуални работници кој истите ги мобилизира за нивно активно учество во процесите на креирање политики и пракси кои ја третираат сексуалната работа, а заедно со засегнатите страни врши следење на нивното спроведување за да обезбеди доследно почитување на сите човекови права и слободи на сексуалните работници.

**Вредности:**

- СТАР-СТАР ги мобилизира и интегрира сексуалните работници во процесот на градење на капацитетите и организацискиот раст и развој;
- Вклученост на сексуалните работници во процесите на креирање политики и донесување одлуки на сите организациски нивоа;
- Солидарност со сите кои ги делат истите заложби, принципи и вредности во процесот на креирање демократско и отворено општество;
- Транспарентност во однос на постоење механизми кои подразбираат отвореност и отчетност во рамки на организациските принципи, програми и активности;
- Вмрежување и партнерство со споделување на правата, обврските и одговорностите за постигнување заеднички цели;
- Видливост преку јавно делување во граѓанското општество.

# 4. АНАЛИЗА НА ПРОБЛЕМИ И ТЕОРИЈА НА ПРОМЕНИ

И покрај досегашните заложби на СТАР-СТАР во насока на подобрување на општествениот контекст во кој живеат и работат сексуалните работници, како и борбата за заштита на нивните човекови права, сексуалните работници во Северна Македонија сè уште се соочуваат со бројни проблеми кои доведуваат за нивната маргинализација и ги прават ранлива категорија на граѓани. Преку стратешкото планирање и во консултација со заедницата, а потврдено со бројните организациски и граѓански истражувања, СТАР-СТАР лоцираше повеќе проблематични области на кои ќе се посвети во идниот стратешки период со цел унапредување на статусот на сексуалните работници преку активности, интервенции и алатки за активна граѓанска вклученост кои ќе придонесат кон развојот на демократско и праведно општество во кое се почитуваат сите човекови права и слободи на женските, машките и трансродовите сексуални работници.

Сексуалните работници во Северна Македонија се една од најмаргинализираните категории на граѓани, кои се соочуваат со **повеќеслојна дискриминација и осуда** кои пак водат кон **насилство и прекршување на нивните основни човекови права**. Најчесто поради јавната и институционалната стигма поврзана со сексуалната работа, насилството врз сексуалните работници поминува недокументирано и непроцесирано и сексуалните работници немаат доверба во институциите. Дополнително, поради конзервативните и застарени општествени вредности кон сексот и човековите тела, сè уште постои **родова нееднаквост, хомофобија и трансфобија** кои интерсекциски се испреплетуваат со дискриминацијата кон сексуалните работници со различни идентитети. Непризнавањето на сексуалната работа како труд и занимање преку одземање на основниот човеков императив за интегритетот над сопственото тело води кон **економска и социјална ранливост на сексуалните работници**, а нивната маргинализација го отежнува пристапот до пазарот на трудот и ја загрозува нивната егзистенција, но и на нивните семејства. Дополнително стигмата и дискриминацијата ги оддалечува сексуалните работници од редовната здравствена заштита, а особено од јавните сервиси и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кои поради видот на работата се повеќе од неопходни.

Сексуалната работа по слободен избор не е исто со трговијата на луѓе и принудна проституција кои како општествени проблеми бараат сериозен пристап и политики. Сепак, тековните политики и закони не прават разлика кон сексуалните работници кои доброволно и по слободен избор одлучиле да се занимаваат со сексуална работа, со што таквиот пристап **ги криминализира** и ги отфрла од системот на **правна и социјална заштита**. Поради тоа сексуалните работници лесно стануваат предмет на физичка и сексуална злоупотреба од страна на нивните клиенти, партнери или членови на семејство, полицијата, па дури и на интернализирано насилство.

Врз основа на проблемите со кои се соочуваат сексуалните работници, СТАР-СТАР ќе го насочи своето делување кон три клучни стратешки приоритети во периодот 2022-2025 кои ќе придонесат кон решавање или намалување на проблемите. Секој од овие стратешки приоритети се фокусира кон неколку резултати кои организацијата има за цел да ги постигне преку спроведување на низа активности, интервенции и процеси во рамки на своите програми.

За таа цел СТАР-СТАР за прв пат ја разви својата теорија на промени која претставува генерален графички приказ и појаснување за тоа зошто се потребни промени, на кој начин ќе се случат и како промените ќе придонесат кон решавањето на проблемите на женските, машките и трансродовите сексуални работници.



# 5. АНАЛИЗА НА КОНТЕКСТОТ И ОПКРУЖУВАЊЕТО

## 5.1 Анализа на целни групи и примарни корисници

Примарните корисници, односно целните групи на СТАР-СТАР се мапирани преку консултација со заедницата, како и на ниво на управните и извршните структури на организацијата. При тоа имајќи ја предвид родовата нееднаквост, СТАР-СТАР определи специфични потреби и проблеми за различни категории на заедницата за кои има развиено програми, интервенции и активности во изминатиот период, а дополнително ќе се фокусира во идниот стратешки период. Примарни засегнати страни кои директно ги чувствуваат ефектите и придобивките од делувањето на организацијата се:

- Жени сексуални работнички;
- Мажи сексуални работници и
- Трансродови сексуални работници/-чки.

Дополнително поради различните идентитети, карактеристики, потреби и предизвици, СТАР-СТАР мапираше повеќе интерсекциски области кои подетално ги опишуваат и определуваат целните групи како примарни корисници. Такви карактеристики се:

- возраст
- етничка припадност
- сексуална ориентација
- употреба на дрога
- работа на отворена или затворена сцена и
- мигрантски статус.

Анализата на целните групи, спроведена преку консултативни средби со лица од заедницата во Скопје, Гостивар и Струмица ги сумираше карактеристиките, потребите, проблемите и предизиците на одделните целни групи кои се прикажани во следната табела.

| ПОТРЕБИ/ПРОБЛЕМИ | КАРАКТЕРИСТИКИ | ПРЕДИЗВИЦИ |
|---|---|---|
| - насилство и злоупотреба од страна на клиенти, полициски службеници, дилери, членови на семејство<br><br>- потреба за осигурување на нивната лична безбедност (од кражби, следење, вознемирување, уцени и др.)<br><br>- потреба за надградување или развој на вештини за преговарање, проценка на клиенти, вештини за лична заштита/самоодбрана<br><br>- потреба од социјална заштита и пристап до социјални услуги<br><br>- потреба за финансиско зајакнување/обезбедување редовна егзистенција<br><br>- потреба за специфични и сензитивизирани здравствени услуги, особено за трансродовите СР<br><br>- да се зајакнат членови на заедницата кои можат да бидат едукатори/медијатори при пристап до услуги<br><br>- потреба да се подобрат и зајакнат односите во заедницата преку социјализација и активности<br><br>- потреба за едукација и поимање за концептите на согласност<br><br>- подобра заштита во онлајн/дигитален простор<br><br>- недостапност на СР кои се со привремен/нерешен престој | - најчесто се наоѓаат во економски и социјален ризик<br><br>- работат во тајност поради страв од јавна осуда, срам од околината и семејството<br><br>- СР кои имаат различна сексуална ориентација или родов идентитет се двојно или повеќе слојно жртви на стигма и дискриминација<br><br>- сексуалната работа е единствен извор на егзистенција<br><br>- интернализирана дискриминација<br><br>- меѓусебна конкуренција поради мали и затворени сцени и кругови<br><br>- дел се со ограничена писменост и ограничени вештини<br><br>- дел од лицата во заедницата се зајакнати или фин. стабилни, не согледуваат (краткорочни или долгорочни) бенефит од делувањето на организацијата | - да се подобрат меѓучовечките односи/несогласувања помеѓу дел од членовите на заедницата и помеѓу подгрупите во заедницата<br><br>- интернализирана дискриминација<br><br>- мобилизација без инсентив<br><br>- да се едуцираат за сопствените човекови права при контакт со полиција/институции<br><br>- мотивација за документирање, пријавување и истрајност во водење на случаи и постапки |

## 5.2 Анализа на засегнати страни

Секоја организација има долга листа на засегнати страни кои на некој начин се засегнати од нејзиното делување. Дел од овие засегнати страни имаат интерес, моќ и влијание да го блокираат работењето на работата или да придонесат кон напредок во делувањето на организацијата. Дел од нив може да имаат позитивен или негативен интерес кон работата на организацијата, а дел од нив може воопшто да не се интересираат. Со помош на координатна мапа на засегнатите страни, организацијата може да ги мапира и да ги класифицира засегнатите страни врз основа на моќта што тие ја имаат врз делувањето и работењето на организацијата, како и врз основа на тоа каков интерес имаат од успехот на организацијата. Со ова се одредува кои се засегнатите страни, колкава вклученост, каков однос и

комуникација организацијата треба да вложи кон нив во насока на остварување на стратешките цели.

Позицијата на засегнатите страни во координатна мапа го определува односот и комуникацијата кои треба да се градат, развиваат или одржуваат со засегнатите страни, степенот на вклученост во делувањето на организацијата и насоката во која се програмирани организациските цели, интервенции и активности.



| ЗАСЕГНАТА СТРАНА | - **Улога** на засегнатата страна во областите на делување на СТАР-СТАР<br>- Специфични стратегии, регулативи во чија изработка или **надлежност** е вклучена засегнатата страна<br>- Клучна **релација** на СТАР-СТАР со засегнатата страна | ВАЖНОСТ/ ИНТЕРЕС | ВЛИЈАНИЕ |
|---|---|---|---|
| **Министерство за здравство** | - надлежно за здравствени политики поврзани со сексуално и репродуктивно здравје<br>- ја спроведува и носи Националната програма за превенција ХИВ<br>- партнер, донатор на СТАР-СТАР (соработка) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Национална комисија за ХИВ** | - советодавно тело за политики поврзани со ХИВ<br>- ја креира Националната програма за превенција од ХИВ<br>- партнер, покана за членство до СТАР-СТАР (соработка) | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Платформа за одржливост на сервисите за ХИВ** | - застапува за клучни популации и политики за ХИВ и СРЗ<br>- вклученост во креирањето на политиките и програмите<br>- активно членство и вклученост на СТАР-СТАР (соработка) | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **УНФПА МК** | - надвладина агенција во полето на СРЗ<br>- влијание врз националните политики<br>- обезбедува поддршка и ресурси кај недостатоците во јавниот систем<br>- партнер, поддржувач, повремен донатор на СТАР-СТАР (одлична соработка) | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | СРЕДНО ВЛИЈАНИЕ |
| **Министерство за внатрешни работи** | - надлежно за безбедноста на сите граѓани и заштита на маргинализираните заедници<br>- го спроведува Законот за прекршоци против ЈРМ (ЗПЈРМ),<br>- ја формира/надгледува работна група за измени на ЗПЈРМ<br>- одлучувач (воспоставена почетна соработка) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Министерство за правда** | - надлежно за носење на правната регулатива и позитивна правна легислатива (закони)<br>- го носи/спроведува Кривичниот законик<br>- учествува/координира работна група за измени и дополнувања на Кривичниот законик (надгледувано од ОБСЕ)<br>- одлучувач (воспоставена почетна соработка) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Министерство за труд и социјална политика** | - надлежно за работните односи и права на работниците, социјалната политика и заштита, унапредувањето на родовата еднаквост<br>- учествува во процесите за декриминализација на сексуалната работа и признавање на сексуалната работа како работа<br>- одлучувач (воспоставена почетна соработка) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Народен правобранител** | - независен орган за заштита на човековите права<br>- дава предлози, совети, соработува, едуцира и дејствува во насока на остварување на правата на граѓаните врз основа на Уставот на РСМ и презема акции и мерки за заштита на принципот на недискриминација<br>- советодавна поддршка (воспоставена почетна соработка) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Платформа за декриминализација на сексуалната работа (ХОПС и Коалиција Маргини)** | - застапува во име за законските измени во ЗПЈРМ и Кривичниот законик<br>- членови на платформата (правници и лица од заедницата) се вклучени во процесите за измени и дополнувања на релевантните закони<br>- одлична соработка и поддршка | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | СРЕДНО ВЛИЈАНИЕ |
| **Комисија за спречување и заштита од дискриминација** | - независен орган кој постпаува по претставки, дава мислење и препораки за конкретните случаи на дискриминација<br>- го надгледува спроведувањето на Закон за спречување и заштита од дискриминација<br>- неформална комуникација, треба да се зголеми соработката | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | СРЕДНО ВЛИЈАНИЕ |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Локални самоуправи** | - спроведуваат политики и програми на локално ниво<br>- засегнати локални самоуправи (Град Скопје, Струмица и Гостивар)<br>- локална стратегија за заштита од ХИВ<br>- воспоставена соработка, потребно е да се формализира и унапреди | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМ ИНТЕРЕС |
| **Традиционални медиуми** | - ја информираат јавноста за важни општествени и политички случувања, креираат и влијаат на јавното мислење<br>- опфатени со закон за Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја промовираат слободата на изразување, транспарентноста и отчетноста<br>- воспоставена соработка и комуникација, потребна е стратегија за комуникации со традиционални медиуми | СРЕДНА ВАЖНОСТ | СРЕДНО ВЛИЈАНИЕ |
| **Онлајн медиуми** | - ја информираат јавноста за важни општествени и политички случувања, креираат и влијаат на јавно мислење<br>- не се опфатени со Закон, генерираат профит и сензационализам, партиски/политички зависни во најголема мера<br>- постојат независни онлајн/дигитални медиуми<br>- воспоставена соработка и комуникација, потребна е стратегија за комуникации со онлајн медиуми (портали, онлајн ТВ, подкасти и сл.) | СРЕДНА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |
| **Донатори и фондации** | - ја финансираат и поддржуваат работата на организацијата<br>- делуваат согласно донаторски политики, програми и приоритети во повеќе области (заштита на ЧП, заштита на права на СР, зајакнување на маргинализирани заедници)<br>- одличен однос и соработка<br>- потребно е зголемување на диверзитетот и воспоставувањето на пишана процедура за планирање и подготвка на проектни предлози | ГОЛЕМА ВАЖНОСТ | ГОЛЕМО ВЛИЈАНИЕ |

## 5.3 Анализа на силни и слаби страни, можности и закани

### 5.3.1 Генерална SWOT анализа (28.10.2021)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Единствен колектив на сексуални работници во С. Македонија;<br>• Препознаена како организација предводена од заедницата на сексуални работници на национално и меѓународно ниво;<br>• Опфатени заедници на сексуални работници во Скопје и во други два града и нивната околина (Гостивар и Струмица);<br>• Вмреженост и активна вклученост во разни локални, регионални и меѓународни коалиции, мрежи, иницијативи, платформи итн.;<br>• Развиена неформална мрежа од домашни и меѓународни соработници (организации, активисти, даватели на услуги, консултанти, експерти, добавувачи и сл.);<br>• Развиена разновидна донаторска мрежа и поддршка и добра репутација кај донаторите;<br>• Јавна препознатливост во поширокага јавност со настаните/кампањите што ги спроведува (Маршот на црвените чадори и Red Light District);<br>• Добра соработка со традиционални и дигитални медиуми;<br>• Одличен работен простор (локација, опременост);<br>• Добар тим, составен од поединци со развиени капацитети од различни области (комплементарни вештини и знаење) и развиен органограм;<br>• Воспоставени процедури за административно и финансиско работење;<br>• Воспоставен пишан Правилник за набавки;<br>• Воспоставена пишана процедура за членување во организацијата Протокол за членство;<br>• Воспоставен пишан Кодекс за отчетно и транспарентно работење и управување;<br>• Воспоставен Деловник за работа на Собранието на организацијата;<br>• Развиени референтни листи за Претседател и членови на Собранието на организацијата;<br>• Развиен регионален параправен сервис за опфат на заедницата во три градови со параправни услуги и услуги за превенција и СРЗ (параправник и локални координатори). | • Слаб мониторинг на работењето во ограноците СТАР-Исток и СТАР-Запад;<br>• Недоволен континуитет на активности за заедницата во ограноците СТАР-Исток и СТАР-Запад и обезбедување на финансиска одржливост за истите;<br>• Слаб опфат на сексуални работници со привремен престој во државата;<br>• Вештини и знаење кај координаторите (за застапување, јавни настапи, странски јазик – англиски и др.);<br>• Дел од членовите на тимот не се во можност да донесуваат одлуки на дневна база (проблем со микроменаџирање);<br>• Проблематични односи помеѓу дел од членовите на заедницата кои влијаат на нивната мобилизација;<br>• Недоволна вклученост на лица од заедницата во надворешни активности;<br>• Не е развиена официјална пишана позиција на организацијата за сексуалната работа и за прашања поврзани со декриминализацијата на сексуалната работа;<br>• Не е развиена пишана Стратегија за комуникации;<br>• Не е воспоставена процедура за ревизија на Деловникот за работа на Управен одбор и развој на Опис на должности за членовите на Управниот одбор (референтна листа);<br>• Не е воспоставена процедура за ревизија на Деловникот за работа на Собранието и ревизија на Опис на должности за членовите на Собранието (референтна листа); |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
| --- | --- |
| • Унапредување и развој на лидерската улога во однос процесот за декриминализација на сексуалната работа;<br>• Активно учество во тела за носење политики (Национална комисија за ХИВ);<br>• Унапредување и развој на соработката со феминистички/женски организации кои се застапуваат за признавање на сексуалната работа како труд;<br>• Вклучување во други програми (социјална заштита, родова еднаквост, зелена агенда и сл.) кај нови мапирани извори на финансирање;<br>• Градење на капацитетите за професионално и организациско јакнење во однос на прибирање на средства и мобилизација на ресурси;<br>• Градење на капацитетите за професионално и организациско јакнење во однос на следење (мониторниг), евалуација и учење;<br>• Градење на капацитетите за професионално и организациско јакнење во однос на застапување преку учество во работни групи за измени и дополнување на законски регулативи. | • Нестабилен политички контекст, веројатност од предвремени избори;<br>• Организации/движења кои ги виктимизираат сексуалните работници и се против сексуалната работа;<br>• Стигма и дискриминација во речиси сите сфери на општествениот, политичкиот и економскиот живот;<br>• Традиционален, конзервативен и популистички јавен дискурс;<br>• Политички ставови на ВМРО, коалиционите партнери и партиите од албанскиот блок;<br>• Министерството за здравство да го прекине финансирањето на превентивната програма за ХИВ;<br>• Затворање на програмите за здравје при ФООМ;<br>• Ограничени приоритети на донатори (не поддржуваат сексуална работа);<br>• Медиуми/новинари кои сензационалистички известуваат во традиционалните и онлајн медиуми;<br>• Непредвидлив тек на состојбата со КОВИД-19; |

### 5.3.2 SWOT Анализа – СТАР-Исток (02.11.2021)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Огранокот е составен и раководен од самата заедница;<br>• Изградени капацитети кај координаторот на Струмица за едукација, теренска работа и застапување на заедницата;<br>• Развиена теренска работа за услуги за сексуално и репродуктивно здравје (ХИВ советување и тестирање, услуги за превенција и гинеколошки прегледи);<br>• Соработка со организации кои работат со заштита на човековите права на маргинализираните лица (на национално ниво);<br>• Развиена комуникација и контакт со локалната самоуправа;<br>• Зајакнување на соработката со локални невладини организации. | • Слаб интерес на лицата од заедницата за комуникација и работа (се контактираат 4-5 лица на редовна основа);<br>• Недостаток на капацитети на другите лица од заедницата;<br>• Обезбедување на одржливост на континуирани работни активности во огранокот;<br>• Недоволно разиени комуникациски вештини (странски јазик и др.);<br>• Разнишани меѓучовечки односи во заедницата и со лица од другите маргинализирани заедници. |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| • Децентрализација на активностите од Скопје кон заедницата во СТАР-Исток;<br>• Спроведување на кампањи и јавни настани и зголемување на видливоста на локално ниво;<br>• Зголемување на програмската и техничко-административната поддршка од извршната канцеларија;<br>• Развивање на теренски активности за пристап до социјални и правни услуги;<br>• Поддршка на донаторите за локални иницијативи;<br>• Можност за прибирање на минимални материјални донации и поддршка за локални иницијативи;<br>• Воспоставување и одржување на соработка со локални правници (БПП). | • Постоење на организација која не гледа како непријател/конкурент;<br>• Непредвидлив тек на состојбата со КОВИД-19;<br>• Бавен процес на декриминализација на сексуалната работа;<br>• Намалување на донаторите и менување на политиките на донаторите кои поддржуваат активности за сервиси. |

### 5.3.3 SWOT Анализа – СТАР-Запад (02.11.2021)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| • Добра комуникација на координаторот со извршната канцеларија;<br>• Единствен самостоен колектив на сексуални работници во Гостивар;<br>• Развиена теренска работа за услуги за сексуално и репродуктивно здравје (ХИВ советување и тестирање, услуги за превенција и гинеколошки прегледи);<br>• Обучено лице од заедницата како советувач;<br>• Соработка со организации кои работат со заштита на човековите права на маргинализираните лица (од национално ниво);<br>• Развиена соработка со дроп-ин центарот Хелп Гостивар. | • Слаб интерес на лицата од заедницата за комуникација и работа и намален контакт (се контактираат 4-5 лица на редовна основа);<br>• Обезбедување на одржливост за континуирани работни активности на огранокот;<br>• Недоволно разиени комуникациски вештини кај координаторот (јавни настапи, преговарање, странски јазик и др.);<br>• Разнишани меѓучовечки односи во заедницата и со лица од другите маргинализирани заедници;<br>• Недостаток на генерални капацитети и вештини на другите лица од заедницата. |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| • Воведување на активности за зајакнување на заедница;<br>• Организирање на локални кампањи и јавни настани;<br>• Зголемување на програмската и техничко-административната поддршка од извршната канцеларија;<br>• Развивање на теренски активности за пристап до социјални и правни услуги;<br>• Спроведување на кампањи и јавни настани за зголемување на видливоста на локално ниво;<br>• Соработка со локалната самоуправа;<br>• Можност за прибирање на минимални материјални донации и поддршка за локални иницијативи. | • Постоење на организација која не гледа како непријател/конкурент;<br>• Непредвидлив тек на состојбата со КОВИД-19;<br>• Бавен процес на декриминализација на сексуалната работа;<br>• Намалување на донаторите и менување на политиките на донаторите кои поддржуваат активности за сервиси. |

## 6. СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ, ЦЕЛИ И РЕЗУЛТАТИ

### СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ I: Застапување за унапредувањето на човековите права на сексуалните работници

| Стратешка цел 1.1: Унапредена законска рамка која ги третира потребите на сексуалните работници | |
|---|---|
| **Резултати:** | **Активности:** |
| 1.1.1 Изменет и дополнет член 19 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир<br><br>(Сексуалната работа по слободен избор, не е прекршок) | ▪ Спроведување на прашалник помеѓу политичките партии;<br>▪ Воспоставување на организациска база со податоци за документирање на случаи на прекршување на правата на СР;<br>▪ Анализа на податоци за документирање на случаи на прекршување на правата на СР;<br>▪ Состаноци на претставници на Платформата со работната група за измени на Законот за прекршоци против јавниот ред и мир во Министерството за внатрешни работи;<br>▪ Лобирање за спроведување на соодветните промени;<br>▪ Јакнење на свеста (промоција) кај заедницата и останатите засегнати страни за настанатите промени. |
| 1.1.2 Изменет и дополнет член 191 од Кривичниот законик<br><br>(Сексуалната работа по слободен избор не е исто со проституција или сексуална експлоатација) | ▪ Спроведување на прашалник помеѓу политичките партии;<br>▪ Воспоставување на организациска база со податоци за документирање на случаи на прекршување на правата на СР;<br>▪ Анализа на податоци за документирање на случаи на прекршување на правата на СР;<br>▪ Состаноци на претставници на Платформата со работната група за измени на Кривичниот законик во Министерството за внатршени работи;<br>▪ Лобирање за спроведување на соодветните промени;<br>▪ Јакнење на свеста (промоција) кај заедницата и останатите засегнати страни за настанатите промени. |
| 1.1.3 Зајакнати капацитети и влијание на Платформата за декриминализација на СР | ▪ Состаноци на работна група со правни експерти и сексуални работници на ниво на Платформата за декриминализација на СР;<br>▪ Еднодневен состанок и консултација за воспоставување на подготвителна група и пишување на методологија за измени на ЗПЈРМ составена од правни експерти, сексуални работници и партнерски организации;<br>▪ Размена на искуства со меѓународни организации и мрежи;<br>▪ Проценка на потреби и капацитети на платформата за декриминализација на СР;<br>▪ Развивање на акциски план за јакнење на капацитети на Платформа за застапување. |
| 1.1.4 Развиена организациска позиција за регулација на | ▪ Спроведување на анкета помеѓу 51% од членството за консултација со заедницата и консултацијата со |

| | |
|---|---|
| сексуалната работа во Република Северна Македонија | сексуални работници спроведена од партнерски организации;<br>▪ Извештај од анкета и консултација;<br>▪ Работилница за оформување на предлог организациска позиција за регулација на СР. |

| **Стратешка цел 1.2: Зголемена поддршка од заедницата и зголемена видливост на сексуалната работа во општеството** | |
|---|---|
| **Резултати:** | **Активности:** |
| 1.2.1 Зголемена свесност за проактивна поддршка од заедницата за делувањето на СТАР | ▪ Фокус група за ставовите на сексуалните работници за декриминализација на сексуалната работа;<br>▪ Информативни средби и сесии за информирање на придобивките од (едукативни работилници). |
| 1.2.2 Зголемена видливост во јавноста за делувањето на СТАР | ▪ Одржување на веб-страницата и активности на социјалните мрежи на СТАР;<br>▪ Видео активизам и дигитални акции за прибирање на средства;<br>▪ Спроведување на јавни кампањи и настани;<br>▪ Учество во јавни дебати и медиумски гостувања;<br>▪ Електронски магазин S-WORK;<br>▪ Меморандуми за развивање на соработката со медиумите. |
| 1.2.3 Зголемена свесност и поддршка од носители на одлуки и креаторите на политики за делувањето на СТАР | ▪ ПОП-АП - настан со носители на одлуки;<br>▪ Воспоставување дијалог и испитување на мислењето и ставовите на политички партии;<br>▪ Формирање на интерпарламентарна група за декриминализација на СР. |
| 1.2.4 Развиена и воспоставена комуникациска стратегија | ▪ Ревизија на Прирачник за развој на ефективна стратегија за брендирање, промоција и маркетинг на организации 2020;<br>▪ Обука за развој на комуникациска стратегија;<br>▪ Развој на акциски план за спроведување на комуникациската стратегија. |

## СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ II: Сеопфатна поддршка за сексуално и репродуктивно здравје на сексуалните работници и унапреден пристап до социјална и правна заштита

| Стратешка цел 2.1: Зголемена грижа и сеопфатна поддршка за сексуалното и репродуктивното здравје на сексуалните работници | |
|---|---|
| **Резултати:** | **Активности:** |
| 2.1.1 Зголемен и олеснет пристап до сервиси за сексуално и репродуктивно здравје за сексуални работници | ▪ Дефинирање на организациски услуги и сервиси за сексуално и репродуктивно здравје;<br>▪ Изработка и спроведување на прашалници/ евалуации за проценка на квалитет и задоволство од услуги и сервиси;<br>▪ Врсничка придружба до услуги и сервиси за сексуално и репродуктивно здравје;<br>▪ Промовирање на нови методи за унапредување на СРЗ (женско здравје, машко здравје, здравје на трансродови лица). |
| 2.1.2 Зголемен опфат на заедницата преку унапредени теренски активности за сексуално и репродуктивно здравје за сексуални работници | ▪ Теренска работа (дистрибуција на кондоми, лубриканти);<br>▪ ХИВ/СПИ тестирање и советување, гинеколошки прегледи;<br>▪ Врсничка едукација на терен за сексуално и репродуктивно здравје;<br>▪ Едукативни печатени материјали за сервиси и услуги (брошури). |
| **Стратешка цел 2.2: Зголемена грижа и подобрена поддршка во пристапот до социјална и правна заштита** | |
| **Резултати:** | **Активности:** |
| 2.2.1 Зголемен и олеснет пристап до сервиси за социјална и правна заштита за сексуални работници | ▪ Дефинирање на организациски услуги и сервиси за социјална и правна заштита;<br>▪ Изработка и спроведување на прашалници/евалуации за проценка на квалитет и задоволство од услуги и сервиси;<br>▪ Ангажирање на социјален работник;<br>▪ Поддршка и мотивација за документирање на случаи за прекршување на права;<br>▪ Документирање на прекршување на правата на сексуалните работници; |
| 2.2.2 Зголемен опфат на заедницата со врсничка поддршка во пристапот до социјална и правна заштита | ▪ Врсничка едукација за социјална/правна заштита;<br>▪ Врсничка придружба до сервиси и услуги за социјална/правна заштита;<br>▪ Обука и вклучување на нови врснички едукатори. |
| 2.2.3 Зголемена координација со партнерски организации во обезбедување квалитетни услуги и сервиси за сексуални работници | ▪ Средби помеѓу партнерски организации;<br>▪ Воспоставување на систем за евиденција на поврзување и препраќање меѓу организациите;<br>▪ Поврзување и препраќање до правни и социјални сервиси на партнерски организации;<br>▪ Вмрежување и активно членство во национални и меѓународни мрежи и конзорциуми. |

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ III: Одржлив развој и градење на капацитетите на организацијата и заедницата

| Стратешка цел 3.1: Обезбедени финансиска одржливост и развој преку зголемување на разноликост и бројноста на изворите на финансирање | |
|---|---|
| Резултати: | Активности: |
| 3.1.1 Зголемување на буџетот на организацијата за 5-10% на годишно ниво | ▪ Проактивно следење на јавни повици на постоечки и можни донатори (мрежи и фондации);<br>▪ Развој на организацсики систем за следење на апликации за прибирање на средства;<br>▪ Одржување на комуникацијата со постоечките донатори;<br>▪ Соработка со локалните власти;<br>▪ Соработка со амбасади. |
| 3.1.2 Развиен и ставен во употреба организациски модел за подготовка и развој на проектни апликации | ▪ Воспоставување тим за пишување на проектни апликации;<br>▪ Организирање обука за пишување на проектни апликации;<br>▪ Развивање на систем за вклучување на извршната канцеларија и заедница во прибирањето на информации и фидбек за развој на проектни апликации. |
| 3.1.3 Обезбедена континуирана финансиска поддршка од Министерство за здравство во рамките на Националната ХИВ програма. | ▪ Застапување за унапредување на моделот за финансирање на ГО (состаноци, дописи);<br>▪ Развиена и поднесена проектна апликација за 2022;<br>▪ Развиена и поднесена проектна апликација за 2023;<br>▪ Развиена и поднесена проектна апликација за 2024;<br>▪ Развиена и поднесена проектна апликација за 2025. |

| Стратешка цел 3.2: Континуирано унапредување на организацискиот раст и развој | |
|---|---|
| Резултати: | Активности: |
| 3.2.1 Зајакнати капацитетите на управните тела и органи на организацијата | ▪ Ревизија на Деловникот за работа на Собранието;<br>▪ Развој на Деловникот за работа на Управниот одобор;<br>▪ Годишно собрание за 2021/2022/2023/2024;<br>▪ Ревизија, измени и дополнувања на членови од Статутот на Здружението. |
| 3.2.2 Изградени капацитети на раководните тела и извршната канцеларија (одговорно, транспарентно и отчетно финансиско работење) | ▪ Ревизија на Стратешкиот план 2023;<br>▪ Стратешко планирање 2026-2029;<br>▪ Воспоставување на пишана организациска процедура за стратешко планирање;<br>▪ Развој и воспоставување на правилник за административно и финансиско работење;<br>▪ Воспоставување на електронска архивско работење и усогласување на електронската со физичката архива;<br>▪ Јавно објавување на извештаите од програмското и финансиското работење. |

| | |
|---|---|
| 3.2.3 Воспоставено и развиено софтверско решение за интегрирана база на податоци | ▪ Формиран организациски тим за развој на софтверско решение за интегрирана база на податоци во соработка со добавувач;<br>▪ Администрација на интегрирана база на податоци;<br>▪ Интегрирана анализа на недостатоците во системот на социјална заштита за сексуалните работници. |
| **Стратешка цел 3.3: Изградени капацитети на заедницата на сексуални работници** | |
| **Резултати:** | **Активности:** |
| 3.3.1 Вклучени и обучени лица во теренските активности | ▪ Обуки за човекови права;<br>▪ Обуки за ХИВ и СПИ;<br>▪ Обуки за теренска работа и пиер едукација;<br>▪ Обука за комуникациски вештини за работа на терен. |
| 3.3.2 Зајакнати капацитети на лидерите и заедницата од СТАР –Запад и СТАР - Исток | ▪ Обуки за комуникациски вештини за застапување и подигнување на јавната свест;<br>▪ Едукативна работилница за промоција на организацискиот став за декриминализација на сексуалната работа;<br>▪ Мапирање и проценка на лица од заедницата со развиени капацитети;<br>▪ Спроведување на кампањи и јавни настани на локално ниво;<br>▪ Соработка со локални организации, донатори, локални иницијативи. |
| 3.3.3 Зголемена мобилизација на лица од заедницата и директна поддршка на сексуални работници во социјален ризик | ▪ Спроведување на хуманитарни акции и акции за донирање кон заедницата;<br>▪ Активности за социјализација и мобилизација на заедницата во социјален ризик. |

# 7. МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА НА ПОСТИГНУВАЊА

Процесите на мониторинг и евалуација претставуваат следење, собирање и анализа на мерливите резултати кои ги мерат постигнувањата и ги опишуваат влијанијата кои ќе ги извршат спроведените активности, интервенции и програми на организацијата. Преку внимателно водење на овие процеси, организацијата може да го следи напредокот во постигнувањата во рамки на стратешките цели и приоритети. Спроведувањето на мониторингот и евалуацијата е конкретен начин на кој може да се осигураат отчетноста и транспарентноста во работењето, да се минимизира неуспех, како и да се идентификуваат лоши пракси и слаби резултати. Добра стратегија за мониторинг и евалуација всушност претставува и проценка на ефективноста во работењето на организацијата.

Мониторинг или следење на работата на организацијата претставува тековен процес преку кој организацијата обезбедува редовна повратна информација за напредокот кон постигнувањето на целите. Мониторингот воедно се користи за систематско набљудување и документирање на активностите кои се спроведуваат во рамките на програмите, интервенциите и активностите кои ги спроведува СТАР-СТАР. Овој процес овозможува рутинско прибирање на информации за сите аспекти на спроведените активности и нивно тековно следење и проверка.

Мониторингот како процес е важен бидејќи обезбедува систематизирана верификација на спроведеното, ја зајакнува транспарентноста на работењето со цел легитимирање на делувањето пред засегнатите страни, отвора можност за учење и развој преку примери за добри и успешни пракси и можеби најважно од се обезбедува институционална организациска меморија и документација.

Евалуација или оценување на спроведувањето на програмите, интервенциите и активностите во организацијата претставува оценка на веќе завршени или тековни интервенции за да се определи до кој степен се постигнати поставените цели и резултати. Евалуирањето исто така во голема мера придонесува во процесите на донесување на одлуки врз база на согледани искуства и извлечени поуки. Притоа, евалуацијата се одвива периодично и по потреба со цел да се направи длабинска анализа на работењето и спроведувањето на активностите.

Овој процес е важен бидејќи овозможува споредба на планираните со реалните постигнувања и дава увид во тоа како се постигнати резултатите, кои проблеми се појавиле при имплементација на планираните интервенции и како се одвивало справувањето со ризиците и заканите. Евалуацијата и следењето дава информации на управните и раководните тела за насоките на организациските политики и програми, како и за подготовка на идните стратегии.

Развојот и воведувањето на мониторингот и евалуацијата како стандардизирани организациски процеси се потребни и придонесуваат кон:

- Консолидиран извор на организациски податоци кои се показател за напредокот на организацијата;
- Организацискиот раст и развој преку искуство и учење и
- Увид во влијанието на сите засегнати страни врз работењето и успехот.

# 8. МОБИЛИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

За да се овозможи континуитет на услугите кои ги пружа организацијата, да продолжи „борбата“ за декриминализација на сексуалната работа и заштита на човековите права на сексуалните работници, но и за проширување на нашите програми, потребно е да се обезбеди финансиска стабилност и одржливост. СТАР-СТАР како организација свесна за потребата да се обезбеди финансиска поддршка од страна на домашни донатори за проекти поврзани со сексуалната работа, во последно време се јавува како предизвик обезбедувањето финансиска поддршка и од меѓународните донатори. Државните институции и покрај декларираната поддршка сè уште немаат воспоставени протоколи и пракса за финансиска поддршка на граѓанските организации, а онаму каде се доделува финансиска поддршка не постои висока транспарентност на процесите. Донациите од приватните компании се добредојдени и чинат значаен удел во финансирањето на граѓанските организации, но потребно е повеќе време и работа за будење на општествената одговорност кај истите.

Покрај овие предизвици со кои се соочува СТАР-СТАР потребно е да се нагласи дека СТАР-СТАР континуирано го зголемува својот буџет, со исклучок на годините поминати во светската криза предизвикана од светската пандемија, кога се бележи пад во обезбедување на финансиите. За да може да се обезбеди финансиска одржливост и стабилност, СТАР-СТАР ќе се фокусира на:

- градење на капацитетите на организацијата за да се постигне разновидност во обезбедувањето извори на финансирање,
- да се насочиме кон обезбедување на средства од локалната и централната власт,
- негување на релациите и унапредување на соработката со меѓународните донатори и потрага по нови,
- зацврстување и унапредување на соработката со државата со цел обезбедување одржливост на сервисите за превенција на ХИВ кај клучните популации,
- со оглед на фактот дека ФООМ до крајот на 2022 ќе ја затвори програмата од која институционално се финансира СТАР-СТАР, потребно е да се разгледаат можностите за финансирање од други постоечки програми на ФООМ,
- да се работи на разгледување на финансиските можности што ги нудат ИПА фондовите,
- да се размислува во насока на отварање на социјално претпријатие како можност за генерирање на сопствени приходи.

Финансиската стабилност е клучна за организацијата со цел да осигура и да обезбеди капацитети за унапредување и континутет на програмите за услуги и сервиси за сексуалните работници, како и за да се обезбедат можности за унапредување на политиките и законите кои се однесуваат на сексуалните и репродуктивните права, родовата еднаквост и конечно унапредување на законската рамка која ја криминализира сексуалната работа и сексуалните работници.

## 9. ЛИСТА НА ПРИЛОЗИ

Прилог 1. Листа на реализирани проекти 2018-2021

Прилог 2. Работен план за 2022

## Прилог 1. Листа на реализирани проекти 2018-2021

| ГОДИНА | ПРОЕКТ | ДОНАТОР/ ПОДДРЖУВАЧ |
|---|---|---|
| 2018 | Право на здравје (во конзорциум со Заедно посилни и ЕГАЛ) | ECOM |
| | Имплементација на елементи од SWIT во Северна Македонија | ICRSE |
| | Превенција од ХИВ кај клучни популации | Министерство за здравство |
| | Институционален грант | RUF |
| | Зголемување на националните капацитети за вклучување на потребите и човековите права на адолесцентите и младите во законите, политиките и програмите, вклучително во хуманитарни и кризни состојби | UNFPA |
| | Кампања и изложба „Две од оние“ | ICRSE |
| | Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР | ФООМ |
| | Имплементација на елементи од SWIT алатката | NSWP/SWAN |
| 2019 | Право на здравје (во конзорциум со Заедно посилни и ЕГАЛ) | ECOM |
| | Превенција од ХИВ кај клучни популации | Министерство за здравство |
| | Зголемување на националните капацитети за вклучување на потребите и човековите права на адолесцентите и младите во законите, политиките и програмите, вклучително во хуманитарни и кризни состојби | UNFPA |
| | Национална имплементација на SWIT 2019 | SWAN |
| | Јакнење на организациските капацитети на СТАР-СТАР | ФООМ |
| | Имплементација на ТРАНСИТ во Северна Македонија | EKHN |
| | Сеопфатна услуги за ХИВ и СПИ ослободени од стигма и дискриминација во Северна Македонија (во партнерство со ХЕРА) | ViiV Healthcare UK Ltd |
| 2020 | Превенција од ХИВ кај клучни популации | Министерство за здравство |
| | Имплементација на SWIT и национални обуки во Северна Македонија 2020 | SWAN |
| | Подобрени ХИВ програми за трансродови лица во Северна Македонија | EKHN |
| | Брзи реакции за намалување штети од КОВИД-19 во ХИВ програмите наменети за сексуалните работници во Северна Македонија | ViiV Healthcare UK Ltd |
| | Обезбедување поддршка на сексуалните работници во време на и по КОВИД-19 криза | ФООМ |
| 2021 | Подигање на јавната свест за сексуалната работа и превенција до ХИВ | ICRSE |
| | Јакнење на организациските капацитети за застапување за правата на сексуалните работници | ФООМ |
| | Последни чекори кон декриминализација на скесуалната работа во Северна Македонија | RUF |
| | Превенција од ХИВ кај клучни популации | Министерство за здравство |
| | Координирани, синхронизирани и сеопфатни здравствени услуги за трансродови лица во процес на транзиција во Северна Македонија | EKPC |
| | Национална имплементација на SWIT 2021 | SWAN |

## Прилог 2. Работен план за 2022

| СТАР-СТАР РАБОТЕН ПЛАН | | | | почетен датум |
|---|---|---|---|---|
| ГОДИШЕН РАБОТЕН ПЛАН 2022 | | | | 01/01/2022 |
| ДЕЛЕГИРАН КОН: | | | | краен датум |
| Претседател | ЧЕКАЊЕ | ВО ТЕК | ЗАВРШЕНО | ДОЦНИ | 31/12/2022 |

| СЦ | СР | РБ | АКТИВНОСТИ/ИНТЕРВЕНЦИИ | СТАТУС | ОДГОВОРНО ЛИЦЕ | ПОЧНУВА | ЗАВРШУВА | ДАТУМ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за здравство 2022 | | | | | | | | |
| 2.1 | 2.1.2 | 1 | Теренски активности за превенција од ХИВ и промовирање на безбеден секс помеѓу сексуални работници | ЧЕКАЊЕ | Координатор за мобилизација, едукација и превенција на терен | 01/2022 | 12/2022 | секој 10-ти во месецот |
| | 2.1.1 | 2 | Едукативни врснички работилници за сексуални работници | ЧЕКАЊЕ | Координатор за мобилизација, едукација и превенција на терен | 01/2022 | 12/2022 | секој 10-ти во месецот |
| | 2.1.2 | 3 | Теренско тестирање и советување за ХИВ и СПИ | ЧЕКАЊЕ | Координатор за мобилизација, едукација и превенција на терен | 01/2022 | 12/2022 | секој 10-ти во месецот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| RED UMBRELLA FUND 2022 | | | | | | | | |
| 1.1 | 1.1.1<br>1.1.2 | 3.5 | Јавни дебати со медиумски експерти и клучни носители на одлуки по предлог измени на Кривичниот законик и ЗПЈРМ | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 01/2022 | 06/2022 | 27 јуни 2022 |
| | | 3.6 | Утврдување на предлог измени и поднесување на легислатива за регулација на сексуалната работаво парламентарна процедура | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 07/2022 | 12/2022 | 02 март 2023 |
| ФООМ ИНСТИТУЦИОНАЛЕН 2021/2022 | | | | | | | | |
| 2.2 | 2.2.2 | 1.1 | Одржување на постоечкиот регионален параправен сервис за сексуални работници предводен од заедницата | ЧЕКАЊЕ | Регионален координатор на ограноци | 06/2021 | 12/2022 | 01 јули 2022 / 01 февруари 2023 |
| | 2.2.1 | 1.2 | Поврзување и упатување на сексуални работници до социјални услуги што ги нуди граѓанскиот сектор со цел искористување на мерките за справување со последиците од КОВИД-19 | ЧЕКАЊЕ | Социјален работник | 06/2021 | 12/2022 | 01 јули 2022 / 01 февруари 2023 |
| 3.2 | 3.2.1 | 2.4 | Одржување на Годишно собрание на членовите на здружението за деловната 2021 година; | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 03/2022 | 03/2022 | 01 јули 2022 |
| 1.2 | 1.2.2 | 3.1 | Издавање на месечен електронски магазин S-Work | ЧЕКАЊЕ | Координатор за комуникации | 06/2021 | 12/2022 | 01 јули 2022 / 01 февруари 2023 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 3.3 | Организација на јавен настан МАРШ НА ЦРВЕНИТЕ ЧАДОРИ 2022 на 17 декември, за одбележување на Меѓународниот ден за борба против насилството врз сексуалните работници | ЧЕКАЊЕ | Координатор за комуникации | 12/2022 | 12/2022 | 01 февруари 2023 |
| | | 3.4 | Организација на јавен преформанс SKOPJE RED LIGHT DISTRICT 2022 на 2 јуни, за одбележување на Меѓународниот ден на сексуалните работници | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 06/2022 | 06/2022 | 01 февруари 2023 |
| | | 3.5 | Покриеност на социјалните медиуми и одржување на веб-страницата | ЧЕКАЊЕ | Координатор за комуникации | 06/2021 | 12/2022 | 01 јули 2022 / 01 февруари 2023 |
| 1.1 | 1.1.4 | 4.1 | Развој на Документ за организациската позиција за регулација на сексуалната работа во Република Северна Македонија | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 01/2022 | 03/2022 | 01 јули 2022 |
| | 1.1.3 | 4.4 | Свикување и воспоставување на подготвителна група за развој на методологија за пишување на закони во рамки на Платформата за декриминализација | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 01/2022 | 05/2022 | 01 јули 2022 |
| | | 4.5 | Институционално застапување за оправдување на потребата од воведување на законски измени | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 01/2022 | 05/2022 | 01 јули 2022 |

| ФООМ ПРОЕКТНА 2022 | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.2 | 2.2.3 | 1.1 | Воспоставување и развој на софтверско решение за интегрирана база на податоци | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 01/2022 | 06/2022 | 01 септември 2022 |
| | 2.2.1 | 1.2 | Администрација на интегрираната база на податоци | ЧЕКАЊЕ | Координатор за комуникации | 01/2022 | 12/2022 | 01 септември 2022<br>01 февруари 2023 |
| | | 1.3 | Интегрирана анализа на недостатоците во системот на социјална заштита за сексуалните работници | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 09/2022 | 11/2022 | 01 февруари 2023 |
| | 2.2.2 | 2.1 | Воведување на регионални гејткипери и параправници за мобилизација на заедницата кон пристапот до социјална заштита | ЧЕКАЊЕ | Координатор за мобилизација, едукација и превенција на терен | 01/2022 | 12/2022 | 01 септември 2022<br>01 февруари 2023 |
| | 2.2.1<br>2.2.2 | 2.2 | Стационарно и теренско социјално советување и поддршка | ЧЕКАЊЕ | Социјален работник | 01/2022 | 12/2022 | 01 септември 2022<br>01 февруари 2023 |
| | 2.2.2 | 2.3 | Тридневен тим билдинг за регионални гејткипери и параправници | ЧЕКАЊЕ | Програмски раководител | 06/2022 | 06/2022 | 01 септември 2022 |

| СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ 2022 | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 3.1.3 | Развиена и поднесена проектна апликација за 2022 за Министерство за здравство | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 01/2022 | 01/2022 | / |
| 3.2 | 3.2.2 | Развој и објавување на извештаите од програмското и финансиското работење за 2021 година | ЧЕКАЊЕ | Претседател | 01/2022 | 01/2022 | / |
| 3.3 | 3.3.2 | Мапирање и проценка на лица од заедницата со развиени капацитети | ЧЕКАЊЕ | Регионален координатор на ограноци | 01/2022 | 03/2022 | / |
| 1.2 | 1.2.2 | Кампања за одбележува на 3 Март 2022 | ЧЕКАЊЕ | Координатор за комуникации | 03/2022 | 03/2022 | / |

| | |
|---|---|
| ДОСТАВЕНО ДО: | 1. НЕНАД МИЦОВ - Програмски раководител<br>2. ОЛИВЕР БЕЛЧОВСКИ - Административен и финансиски раководител |
| СЕ ИЗВЕСТУВА ДО: | 1. БОРЧЕ БОЖИНОВ - Претседател |
| ПОДДРШКА НА ПРОГРАМСКИОТ РАКОВОДИТЕЛ: | 1. ИВАНА АЦЕВСКА - Координатор за комуникации<br>2. МОНИКА ТАСЕВСКА - Регионален координатор на ограноци |